РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zonat zhvillimore teknologjike industriale

Бр. 01-128/2
29.12. 2025 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

# УПАТСТВО
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Скопје, 2025 година**

Врз основа на член 20 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија бр. 14/07, 103/08, 130/08,139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/23 и 59/25), член 18 став 1 точка 34 од Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 01-863/3 од 22.08.2025 година, Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на својата сто деведесет и втора редовна седница, одржана на 29.12.2025 година, донесе:

# УПАТСТВО
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

## I. Општи одредби

Со ова Упатство се дефинира судирот на интереси, видовите на судир на интереси, превземањето превентивни мерки и други активности за спречување на неговото појавување во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во понатамошниот текст: Дирекција).

Ова Упатство има за цел да даде основни насоки за утврдување и справување со можни случаи на судир на интереси кај службените лица во Дирекцијата.

Дирекцијата и вработените во Дирекцијата се обврзуваат дека со своето работење ќе му даваат приоритет на јавниот над приватниот интерес и дека ќе потикнуваат и развиваат организациска култура која не толерира судир на интереси.

За да се овозможи ефикасно спречување на судирот на интереси во Дирекцијата се укажува на должноста службените лица да внимаваат да не се стават во состојба на судир на интереси и да ги преземат мерките за негово одбегнување утврдени со закон.

За таа цел во Дирекцијата се применуваат прописите со кои се утврдени должностите за пријавување на интересите, се укажува на должноста службените лица да внимаваат да не се стават во состојба на судир на интерес и да ги превземат мерките за негово одбегнување утрдени со закон. Со превземање на мерки за спречување на судир на интереси, Дирекцијата презема мерки за надминување на потенцијалните слабости односно ризици и го штити својот интегритет и углед.

## II.Опфат

Ова Упатство се однесува на Директорот на Дирекцијата, Заменик директорот на Дирекцијата, членовите на управниот одбор, административните службеници, помошно техничките лица и

сите други лица кои се ангажирани за работа во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во натамошниот текст: службените лица).

## III. Дефиниции и форми на судир на интереси

Под „Судир на интереси" се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Под поимот "блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднини по сватовство во втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.

Судирот на интереси може да се јави во следните форми: вистински/фактички, видлив, потенцијален и непотизам.

- **Вистински/фактички судир на интереси** вклучува директен судир помеѓу тековните обврски и одговорности на службеното лице и неговите постојни приватни интереси.
- **Видлив судир на интереси** се однесува на ситуација каде што постои личен интерес кој што разумно од страна на другите би можело да се смета дека влијае на извршувањето на должностите на службеното лице, иако всушност не мора да постои такво несоодветно влијание или воопшто нема влијание.
- **Потенцијален судир на интереси** постои кога службеното лице има приватен интерес што би можело да биде во судир со неговата службена должност во иднина.
- **Непотизам** како од облик на судир на интереси е судир на интереси при вработување на блиски роднини односно вршење влијание за вработување или унапредување на блиско лице во органот во кој лицето е избрано или именувано како јавен функционер или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал над кој надзор врши органот во кој е избрано или именувано лицето, и сите вработени/ангажирани лица во институцијата вклучени во процесот.

Општ принцип во спречувањето на судирот на интереси е обврската за службените лица секогаш да дејствуваат во корист на јавниот интерес, без оглед на нивните приватни интереси и да дејствуваат во согласност со принципите на законитост, еднаквост, ефикасност, доверба, независност, јавност, непристрастност, чесност и професионалност. Така, службеното лице никогаш не треба да биде мотивирано во извршувањето на неговите службени должности од семејни, етнички, верски, политички или други приватни интереси. Покрај тоа, службените лица иако може да имаат свои лични ставови, предрасуди и уверувања, од нив се очекува да ги стават настрана при вршењето на нивните службени должности. Меѓутоа, ако личните определби и особини влијаат на правилното извршување на јавна должност, тогаш тие исто така може да доведат до судир на интереси.

## IV. Должности за спречување на судир на интереси

### Внимавање

Службените лица при извршувањето на своите овластувања и при извршувањето на задачите се должни да внимаваат на евентуален потенцијален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не се раководат од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Службените лица при вршењето на своите овластувања и при извршувањето на задачите треба да спроведуваат и самопроценка на ризикот од постоење на судир на интереси и да избегнуваат да се најдат во ситуација да спроведуваат или да земат учество во постапка, да донесуваат или да земат учество во донесување на одлуки со кои се одлучува за добивање на било каква корист или погодност за себе, роднина или друго блиско лице.

### Непристрасност

Службените лица при вршењето на своите овластувања и при извршувањето на задачите треба да работат непристрасно. Приватните односи не смее да имаат влијание во извршувањето на службените задачи за што пред се треба самите да се преиспитаат дали нивните приватни интереси или тие на нивните блиски лица се во судир со службените обврски. Судирот на интереси кој се јавува како резултат на наведеното, треба веднаш да се разреши.

### Спречување на влијание на приватен интерес

Доколку се појави сомнение за постоење на судир на интерес кај секој вработен/ангажиран во институцијата, службеното лице ги превзема сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот личен интерес или интересот на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и при извршувањето на задачите и за тоа писмено го известува својот претпоставен.

Под личен интерес, се подразбира и ситуација кога службеното лице кое работи со полно работно време, сака да работи дополнително/хонорарно, должно е да бара одобрување за истото, согласно чл.121, ст.(1) од Законот за работни односи, „Работникот, кој работи полно работно време, може по исклучок да склучи договор за вработување со неполно работно време со друг работодавач, меѓутоа најмногу за десет часа неделно, со претходна согласност на работодавачите, каде што е вработен со полно работно време".

### Изземање и запирање на постапувањето

Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување. За овие околности службеното лице писмено го информира претпоставениот, лицето за интегритет и Државната комисија за спречување на корупција. Кога службеното лице ќе се најде во ситуација да учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или негово блиско лице имаат приватен интерес, службеното лице треба писмено да го пријави постоењето на приватен интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

Службеното лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, поднесува Барање за изземање (Образец 1) во прилог на ова Упатство до Директорот на Дирекцијата, или органот кој го именува.

По поднесено барање од службеното лице со Одлука (Образец 2) во прилог на ова Упатство донесена од Директорот на Дирекцијата, може да се одлучи дали барањето од службеното лице ќе биде уважено или одбиено односно дали ќе биде изземен или не се иззема.

Донесената одлука (Образец 2) од Директорот на Дирекцијата, се доставува до Сектор за управување со ресурси и до овластеното лицето за корупција во Дирекцијата, притоа за секоја донесена одлука се води табеларна евиденција.

Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

**Барање на мислење при постоење на сомневање**

Доколку постои сомневање за судир на интерес, службеното лице може да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата и до добивањето на мислењето го запира постапувањето, односно го спречува влијанието на неговиот приватен интерес.

**Постапки за вработување**

Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за вработување или е вклучено како член на комисија што ја спроведува таа постапка е должно писмено да го извести раководното лице за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси. По утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот за вработување, раководното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на појавата на судир на интереси.

**Постапки за јавни набавки**

Претседателот, заменик претседателот, членовите и замениците на членовите на комисиите за јавни набавки како и одговорното лице во Дирекцијата потпишуваат изјава за непостоење на судир на интереси која претставува дел од досието од спроведената постапка за јавна набавка.

При спроведувањето на постапките за јавни набавки, за спречување на судирот на интереси соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Пријавување имотна состојба и интереси**

Директорот и заменик директорот, членовите на УО до Државната комисија за спречување на корупцијата пријавуваат имотна состојба и интереси, како и промени во имотната состојба и

интересите, во рок и на начин утврден со Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Пријавувањето на имотната состојба и интереси односно поднесувањето на изјавата за имотна состојба и интереси е лична обврска.

Државната комсија за спречување на корупција може да побара од службеното лице кое согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси нема обврска да пријави имотна состојба и интереси да достави изјава, како и да спроведе постапка за испитување на неговата имотна состојба кога постапува по предмет во кое е вклучено тоа лице.

**Неспоивост на функции и поседување акционерски права**

Едно од вообичаените облици на спречување судир на интереси се правилата за неспоивост на функциите утврдени во Уставот и законите и има за цел да спречи ситуација во која избрано или именувано лице може да се најде.

Забраната за вршење други дејности и ограничувањето за стекнување на акционерски права е посебно дефинирана во Законот за спречување на корупција и судир на интереси, каде што избрано или именувано лице (а во некои случаи одговорно лице во јавно претпријатие, јавна институција или друго правно лице кое располага со државен капитал) во текот на траењето на мандатот, односно должноста, не може:

- да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал;
- да врши функција член на управен одбор или друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице кое се занимава со профитабилна дејност,
- да биде член на орган на управување или надзор во трговско друштво, јавни претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал,
- за време на мандатот или должноста и во рок од три години по нивниот престанок, по кој било основ и во која било форма да стекне акционерски права во правно лице над кое тој или органот во кој работи или работел, врши односно вршел надзор, освен ако тие права се стекнати со наследство.

## V. Одговорност за непочитување на должности за пријавување интереси и спречување на судир на интереси

Прикривањето на постоење на судир на интереси од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно закон.

Надлежна институција за поведување постапка за утврдување постоење судир на интереси е Државната комисија за спречување на корупција.

Постапката се поведува:

- по службена должност;
- по барање на службено лице;
- по пријава на друго лице;
- по барање на раководно лице;

- по анонимна пријава.

За утврдување на фактичката состојба и констатирање за постоење на судир на интереси, Државната комисија за спречување на корупција прибира документи, податоци и информации.

Службените лица ги доставуваат документите, податоците и информациите со кои располагаат до Државната комисија за спречување на корупција во утврдениот рок.

За донесената одлука по иницијатива за покренување дисплинска постапка, доставена од Државната комисија за спречување на корупција во врска со утврдено постоење на судир на интереси, Дирекцијата ја известува Државната комисија во рок утврден со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

## VI. Завршни одредби

Во случај кога вработените лица во Дирекцијата имаат сознанија за постоење на судир на интереси, истите треба писмено да го известат овластеното лице за интегритет во Дирекцијата.

Доколку овластеното лице за интегритет во Дирекцијата оцени дека има елементи на постоење на судир на интереси истото постапува согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Со донесување на ова Упатство престанува да важи Упатството за спречување на судир на интереси бр. 01-128/1 од 13.01.2025 година.

**Претседател на Управен Одбор**
**Виолета Самарџиска**

*Образец 1*

**До**
**Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони**
**Бул. Партизански одреди, бр. 2**
**П.Фах 311, 1000 Скопје**

Предмет: Барање за изземање

Врска: Предмет бр. ____________________

Јас _________________________, вработен/а во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на работно место ____________________________________________________

________________________________________________________________________________,

согласно одредбите од член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („ Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/2019), барам да бидам изземен/а од натамошното постапување по предметот бр. ____________________, а поради постоење на околности за судир на интереси.

Изземање барам поради следните причини (основ), и/или влијание на приватен интерес:

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Скопје,____________________ година

____________________
(потпис)

*Образец 2*

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија бр. 14/07, 103/08, 130/08,139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/23 и 59/25), член 21 од Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони пречистен текст бр.01-863/3 од 22.08.2025 година, и член 75 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/2019), Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Барањето за иземање бр. ____________________ од ________________ година, поднесено од страна на ________________________________________, вработен/а во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на работно место ________________________________________

________________________________________________________________________________,

во Сектор/Одделение ______________________________________________________________,

**СЕ УВАЖУВА/СЕ ОДБИВА.**

Вработениот/административниот службеник ______________________________________, **СЕ ИЗЗЕМА/НЕ СЕ ИЗЗЕМА** од понатамошно постапување/одлучување по предметот бр. ______________

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

### *Образложение*

Од страна на вработениот/административниот службеник ____________________________ вработен/а во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на работно место ____________________

________________________________________________________________________________,

поднесено е Барање за иземање бр. ________________________ од ____________________ година.

Во поднесеното Барање именуваниот вработен/административен службеник бара да биде иземен поради постоење на околности за судир на интереси/потенцијален судир на интереси наведувајќи дека

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Имајќи го предвид погоренаведеното и поднесеното Барање за иземање, директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во рамките на своите законски овластувања и надлежности а по оцена на наводите во поднесеното Барање одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор пред Управен суд.

Директор

Д-р Гоце Димовски

_________________________